Република Северна Македонија

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Inspektorati shtetëror për Vetëqeverisje lokale**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ЗА 2025 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | 01-203/2 | **Haqim Ramadani** [име и презиме] |
| **Датум:** | 04.12.2024 | **В.Д. Директор** [функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| **Место:** | **Скопје** (м.п.) | [потпис] |

Резиме

Врз основа на член 33 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РСМ бр.102/19) В.Д. Директорот на Државниот инспекторат за локална самоуправа го носи годишниот план за работа на ДИЛС кој го доставува до Инспекцискиот Совет на мислење во хартиена и електронска форма.

Во согласност со насоките дадени во образецот на годишниот план за работа на инспекциската служба во продолжение кус приказ на сите поглавја од годишниот план.

Во поглавјето Анализа на ризици, стои еднаква и доследна примена на законите и подзаконските акти од страна на органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институции кои вршат дејност од областа на локалната самоуправа од општините низ цела држава, градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Во поглавјето, Организација и раководење, во согласност со Правилникот за сисгематизација на работните места во Државниот инспекторат за локална самоуправа, Државниот инспекторат за локална самоуправа е организиран со четири основни организациони единици ( 4 ) и тоа; сектор за инспекциски надзор, сектор за хармонизација на прописите од централно на локално ниво, сектор за финансиско работеюе, административно-правни и општи работи.

Со Државниот инспекторат за локална самоуправа, раководи директор и има внатрешна координација помеѓу одделенијата за вршење на инспекциски надзор.

Во склоп на годишениот план, е претставен и бројот на инспектори кои ќе вршат

инспекциски надзор, по вид, возраст и звање, како и план за нови вработувња и пензионирања на инспектори.

Во поглавјето на Инспекцискиот надзор, а во согласност на член 3 став (3), (4) и (5) од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа и член 68 од Законот за

инспекциски надзор, Државниот инспекторат за локална самоуправа инспекцискиот надзор го врши како: редовен, вонреден и контролен инспекциски надзор.

Во табела 3. Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори во 2025 година, по региони и општини,

Државниот инспекторат за локална самоуправа своите надзори ги насочи во поглед на законитоста на донесените прописи и постапка за нивно донесување од страна на советот на општините, како и постапување од страна на инспекторатот по поднесени претставки и мислења.

Обука на инспекторите и административните службеници се одвива во соработка со Инспекциски совет и Министерство за јавна администрација.

Во поглавјето за Буџет и финансирање, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/2024), претставен е буџетот на инспекторатот за 2025 година.

Предвидена е соработка на Државниот инспекторат за локална самоуправа со сите органи на државната управа, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје.

Други активности кои може да ги опфатиме со овој план се секако пристигнатите претставки, мислења, насоки и одговори до физички или правни лица во врска со конкретни предмети, за кои тие се засегнати, а од страна на инспекторите се процесуирани во законски предвидениот рок.

## Анализа на ризици

Државниот инспекторат за локална самоуправа врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори со архивски број 03-521/1 од 04.08.2020 година.

Проценката на очекуваната состојба од областа на инспекциски надзор од аспект на незаконското носење на одлуки на законските прописи на општината и ризик од ненавремено доставување на службени гласници се базираше пред сè на

претходното искуство од контролирање на субјектите. При доставување на службените гласници од страна на општината, се врши проверка дали донесените одлуки се во согласност со законите

Државниот инспекторат за локална самоуправа овие ризици ги надминува така што врши редовен увид во работата на општините преку службените гласници кои пристигнуваат во седиштето на инспекторатот, како и вонреден увид во работата

доколку се воочи некоја неправилност. Врз основа на издадените опомени до општините кои прават неправилности, инспекторатот се справува со ризиците и ја намалува опасноста.

## Организација и раководење

Согласно член 11 и член 12 од Закон за Државниот инспекторат за локална самоуправа, со инспекторатот раководи Директорот, кој го именува и разрешува Влада на Република Северна Македонија. Внатрешната организација на инспекторатот, во согласност со закон ја утврдува Директорот на инспекторатот со актите за внатрешна организација на инспекторатот.

Во реализација на надзорите, учествуваат двајца помлади инспектори, а во текот на следната година се очекува еден кандидат за инспектор да се стекне со лиценца.

Согласно Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за локална самоуправа, Државниот инспекторат за локална самоуправа со инспекторатот е организиран со четри основни организациони единици ( 4) и тоа;

(1) Сектор за инспекциски надзор ( со две одделенија)

(2) Сектор за општи, правни и финансиски работи.

Во Секторот за инспекциски надзор има две внатрешни организациони единици

- Одделение за инспекциски надзор од Пелагонискиот, Југозападниот, Полошкиот и Скопскиот плански регион.

- Одделение за инспекциски надзор од Вардарскиот, Југоисточниот, Источниот и Североисточниот плански регион.

(3) Во Секторот за општи, правни и финасиски работи има три одделенија ( 3 ) и тоа:

-Одделение за општи и правни работи

-Одделение за поддршка на инспекторатот и односи со јавност.

-Одделение за финансиско работење.

Во рамките на систематизацијата е предвидено и посебно одделение за управување со човечки ресурси.

Со Државниот инспекторат за локална самоуправа со инспекторатот раководи Директорот на инспекторатот, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор во 2025 година, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-3 вање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В1 – советник инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В4 – помлад инспектор | | 1 | 2 | | | **3** | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | **3** |
| **Вкупно** | **0** | **1** | **2** | **0** | **0** | **3** | **0** | **1** | **2** | **0** | **0** | **3** |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во 2025 година*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | 1 | | 1 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |

Инспекциски надзор

Согласно член 3 став (3), (4) и (5) од Законот за државниот инспекторат за локална самоуправа и член 68 од Законот за инспекциски надзор, Државниот инспекторат за локална самоуправа инспекцискиот надзор го врши како:

- редовен,
- вонреден
- контролен инспекциски надзор

Инспекторат за локална самоуправа, врши инспекциски надзор, над законитоста на прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и надзор над постапката за нивно донесуваое, во сите 81 единица на локалните самоуправи во Република Северна Македонија.

Во вршење на инспекцискиот надзор се придржува кон начелата на инспекциската служба и тоа особено :

- примена на начелото на законитост,
- заштита на јавниот интерес,
- почитување на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност,
- начелото на материјална вистина, сослушување на субјектите на надзорот, самостојност, јавност, пропорционалност, превенција, начелото на супсидијарност
- почитување на фундаменталните човекови права , ефикасност и ефективност

Вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на сомневањата од редовниот инспекциски надзор, иницијативи, претставки и предлози поднесени од државни органи, правни и физички лица, како и во случај на сомневање на инспекторот.

Контролен инспекциски надзор се врши по службена должност со цел да се утврди дали субјектот на надзор, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт ги отстранил недостатоците утврдени при извршен редовен или вонреден инспекциски надзор.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и инспекциски надзори според вид во 2025 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **9** | **6** | **4** | **19** | **4** |
| 1 | Велес | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 2 | Градско | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 3 | Демир Капија | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 5 | Лозово | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 6 | Неготино | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 7 | Росоман | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 8 | Свети Николе | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 9 | Чашка | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | **Источен регион** | **11** | **10** | **1** | **22** | **1** |
| 10 | Берово | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 11 | Виница | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 12 | Делчево | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 13 | Зрновци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 14 | Карбинци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 15 | Кочани | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 |
| 17 | Пехчево | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 19 | Чешиново | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 20 | Штип | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| | **Југозападен регион** | **9** | **5** | **2** | **16** | **2** |
| 21 | Вевчани | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 22 | Дебар | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 23 | Дебарца | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 24 | Кичево | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Охрид | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 27 | Пласница | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 28 | Струга | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 29 | Центар Жупа | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | **Југоисточен регион** | **10** | **10** | **1** | **21** | **1** |
| 30 | Богданци | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 31 | Босилово | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 32 | Валандово | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 33 | Василево | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 34 | Гевгелија | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 35 | Дојран | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 36 | Конче | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 37 | Ново Село | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 38 | Радовиш | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 39 | Струмица | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| | **Пелагониски регион** | **9** | **4** | **2** | **15** | **2** |
| 40 | Битола | 1 | 3 | 2 | 6 | 2 |
| 41 | Демир Хисар | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 42 | Долнени | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 44 | Крушево | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 45 | Могила | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 46 | Новаци | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 47 | Прилеп | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 48 | Ресен | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| | **Полошки регион** | **9** | **6** | **1** | **16** | **1** |
| 49 | Боговиње | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 50 | Бревеница | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 51 | Врапчиште | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 52 | Гостивар | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 53 | Желино | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 54 | Јегуновце | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 56 | Теарце | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 57 | Тетово | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| | Североисточен регион | 6 | 6 | 0 | 12 | 0 |
| 58 | Кратово | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 60 | Куманово | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 61 | Липково | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 62 | Ранковце | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| | Скопски регион | 18 | 32 | 9 | 59 | 9 |
| 64 | Аеродром | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 |
| 65 | Арачиново | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 66 | Бутел | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 67 | Гази Баба | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 69 | Зелениково | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 70 | Илинден | 1 | 2 | 0 | 3 | 0 |
| 71 | Карпош | 1 | 3 | 3 | 7 | 3 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 73 | Петровец | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 74 | Сарај | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 75 | Сопиште | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| 76 | Студеничани | 1 | 3 | 2 | 6 | 2 |
| 77 | Центар | 1 | 2 | 1 | 4 | 1 |
| 78 | Чаир | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 79 | Чучер-Сандево | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | 1 | 3 | 0 | 4 | 0 |
| 81 | Град Скопје | 1 | 3 | 2 | 6 | 2 |
| | ВКУПНО | 81 | 79 | 20 | 180 | 20 |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Инспекторот има право и должност континуирано, професионално и стручно да се усовршува, согласно член 49 од Законот за инспекциски надзор.

Согласно член 54 од Законот за административни службеници, административниот службеник има право и обврска стручно да се усовршува, па согласно член 58 од истиот закон по изготвување на Годишната програма на генерички обуки од министерството за информатичко општество и администрација, директорот ќе изготви Годишен план за обуки на административни службеници во инспекторатот.

ОБЛАСТИ НА ТЕМА ЗА ОБУКА

Годишната програма за стекнување знаења и вештини ги опфаќа следните теми:

Тема 1.1—Начела и организација,права, обврски и овластувања наинспекторите (Закон за инспекциски надзор)

Општи одредби Основни начела на инспекцискиот надзор,

Статус, надлежности и работење на Инспекциски совет, Организација и раководење со инспекциските служби, Следеїње на работата на инспекциските служби.

Статус и вработување на инспектор, Лиценца за инспектор, Права и обврски на инспектор,Учинок на инспектор

Тема 1.2 — Инспекциски надзор (Закон за инспекциски надзори Упатство за начинот на спроведување на инспекциски надзор)

Права и обврски на субјектот на инспекциски надзор при вршење на инспекциски надзор,Прекршочни одредби, Планирање на инспекциски надзор,

Одредување на опфат на надзорот,подготовка на документи, проверка на постоечки податоци, потешки инспекциски надзори,претходна најава, неутралност и независност, спроведување на инспекциски надзор

Иницијален состанок, користење на простории за време на надзор, наод на состојба и донесуваље на инспекциски акти, набљудување и интервјуа, листи за проверка,попречување на надзорот, фотографии, примероци, Пристап до документи,одземање на предмети, Инспекциски мерки, Известување на други институции,

Записник, затворање и документирање на инспекциски надзор,завршен состанок, доставување на останата документација, коментари на субјектот по записник, завршување на теренска посета, печатена евиденција,електронска база на податоци,планирање на контролен инспекциски надзор, известување на други институции, поддршка за жалби и тужби

Тема 1.5 – Начела и организација,постапки,одговорност и санкции (Закон за прекршоци)

Основни одредби, општи одредби, значење на изразите во Законот за прекршоци, прекршочна постапка, забрзани постапки,

Постапки за порамнување и спогодување Прекршочна постапка пред прекршочен орган

Прекршок и прекршочна одговорност

Прекршочни санкции за полнолетни сторители

Прекршочни санкции за правни лица и трговец поединец

Застареност

Тема Постапуваіье по претставки и предлози,прекршочни одредби (Закон за

постапување по предлози и претставки)

Евиденција

Разлика мегу предлог и претставка

Рокови за постапуваіье по претставки

Анонимни претставки

Права и обврски на подносителот

Надлежност

Прифаќање и одбивање на претставките

Начин и постапка на чување на класифицирани информации Надзор

Кога не се постапува по претставка

Жалби

Како да се спроведе инспекција при претставка

Начин на одредуваіье на компетентност при вкрстена надлежност на повеќе инспекциски служби

Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење (Уредба за канцелариско и архивско работеіье)

6 часа предавања/вежби

Заведување и разведување на предмети

Деловодни книги

Соодветно пополнување на евиденциони книги

Евиденција на записи

Какви записи треба да води одделението за инспекциски надзор и обука на инспекторите за истите

Архивски знаци

Архивирање и чување на списи Начини на архивирање

Архивирање на записници и решенија како и сертификати за извоз на храна или домашни миленици

Обезбедување автентичност и целовитост на електронските документи Рок на чување на архивски материјал

Уништување на акти со поминат рок

**Буџет и финансирање**

Со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во рамки на министерството за локална самоуправа, како посебна потпрограма е вклучен Државниот инспекторат за локална самоуправа, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/2024).

| Сите расходи | | Расходи на основен буџет | Расходи од самофинансирачки активности | Расходи од заеми | Расходи од донации | Вкупно расходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ставка | | 9.023,00 | 0 | 0 | 0 | 9.023,00 |
| 401 | Основни плати | 3.915,00 | 0 | 0 | 0 | 3.915,00 |
| 402 | Придонеси за социјално | 1.479,00 | 0 | 0 | 0 | 1.479,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 404 | Надоместоци | 84 | 0 | 0 | 0 | 84 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 50 | 0 | 0 | 0 | 50 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 700 | 0 | 0 | 0 | 700 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 170 | 0 | 0 | 0 | 170 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 350 | 0 | 0 | 0 | 350 |
| 425 | Договорни услуги | 2.000,00 | 0 | 0 | 0 | 2.000,00 |
| 426 | Други тековни расходи | 120 | 0 | 0 | 0 | 120 |
| 464 | Разни трансфери | 25 | 0 | 0 | 0 | 25 |
| 480 | Купување на опрема и машини | 130 | 0 | 0 | 0 | 130 |

## Меѓународна соработка

Државниот инспекторат за локална самоуправа во ова полугодие нема склучено договор за ниту една меѓународна соработка.

## Други активности на инспекциската служба

Согласно законската обврска на ДИЛС за транспарентност во работењето, редовно и транспарентно ги објавува сите информации од јавен карактер кои ја засегаат јавноста и сите соработници на својата веб страница, која воедно служи и за објавување на сите информации и новости за работењето на инспекторатот.

Државниот инспекторат за локална самоуправа има добра соработка со сите државни институции(МЛС,МФ,МИОА,ИС и сл.) со кои соработува и ги врши своите надлежности.

Инспекторат одржа повеќе средби со ОБСЕ и NDI, се разговараше за проекти за следната година и улогата која ќе ја има Државниот инспекторат за локална самоуправа.

### Заклучоци и препораки

Една од препораките е да се обезбедат нови вработувања на инспектори и административни службеници во Државниот инспекторат за локална самоуправа со што ќе се подобри ефективноста и да се постигне целта односно да се обезбеди поефикасен, поефективен и правно регулиран систем на надзор над законитоста на

прописите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и унапредување на нивната законитост.

Инспекторот има право и должност континуирано професионално и стручно да се усовршува и обучува, во согласност со потребите на инспекциската служба во која е вработен. Со оглед на тоа во изминатиот период не е одржана ниту една обука за усовршување на инспекторите да се земе во предвид дека истото е обврска согласно закон и во иднина да се реализираат повеќе обуки, работилници и сл., каде инспекторите ќе бидат вклучени во обуки кои се реализираат преку министерства, влада и други институции.